УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ Скопје
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - С К О П Ј Е

# СООПШТЕНИЕ
# ЗА ПРИЕМ НА СТУДЕНТИТЕ ОД I (ПРВА) ГОДИНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Се известуваат студентите запишани во **I** (прва) година во учебната **2025/2026** година дека учебната година ќе започне на **1 Октомври 2025** година (среда) со официјален почеток во **10:00** часот на платото пред Филозофскиот факултет во Скопје, каде на едно место ќе се соберат сите бруцоши од сите факултети на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“.

**Агенда:**

## 1.СВЕЧЕНА ПРОГРАМА

**10:00** Почеток на настанот
**10:05-10:10** Интонирање на химните
**10:10-10:15** Ораторски говор
**10:15-10:20** Отворање на настанот
**10:20-10:25** Обраќање на проф. д-р Биљана Ангелова, ректорка на УКИМ
**10:25-10:30** Обраќање на Александар Николовски, претседател на УСС-УКИМ
**10:30-10:35** Обраќање на проф. д-р Весна Јаневска, министерка за образование и наука
**10:35-11:05** Доделување на индексите на најдобро рангираните студенти

## 2. КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКА ПРОГРАМА

**11:10-11:30** Одржување на 20-минутна културно-уметничка програма на студенти
од Факултетот за музичка уметност и Факултетот за драмски уметности.

## 3. ИНФОРМАТИВНА СЕСИЈА

**11:30-11:50** Одржување на 20-минутна информативна сесија преку презентација на Водичот за бруцоши помеѓу УСС-УКИМ и Студентаријамк.

## 4. ВМРЕЖУВАЧКИ ДЕЛ И DJ SET

**11:50** Вмрежувачки дел помеѓу бруцошите и присутните претставници на организациите, компаниите, институциите и останатите студенти и присутни лица на настанот.

## 5. 13:00 часот: Прием на студентите на Филозофски факултет

**По завршување на заедничкиот прием, студентите од Филозофскиот факултет ќе бидат примени од страна на наставниците и соработниците на студиската програма каде се запишани, согласно приложениот распоред за прием на студенти по Институти и предавални (прикажан подолу).**

## 6. ЗАБАВНА ПРОГРАМА ВО HAVANA

**22:00-23:00** DJ Performance

**23:00-23:30** Настап на бенд
**23:30-00:00** Настап на бенд
**00:00-01:00** Настап на бенд
**01:00-02:00** DJ Performance

**РАСПОРЕД ЗА ПРИЕМ НА СТУДЕНТИ**
**НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ, СКОПЈЕ**
**ВО УЧЕБНАТА 2025/26 ГОДИНА**
**ПО ИНСТИТУТИ, СТУДИСКИ ПРОГРАМИ И ПРЕДАВАЛНИ**

По завршувањето на делот од приемот на платото пред Филозофскиот факултет, студентите ќе бидат примени согласно следниот распоред:

| Време | Институт/ Студиска програма | Просторија |
|---|---|---|
| 13:30 | Филозофија | Предавална 8 |
| 13:30 | Историја | Библиотека на Институтот за историја |
| 13:30 | Педагогија, Андрагогија | Предавална 3 |
| 13:30 | Социологија | Предавална 6 |
| 13:30 | Психологија | Амфитеатар 3 |
| 13:30 | Класични студии | Библиотека на Институтот за класични студии |
| 13:30 | Историја на уметност и Археологија | Предавална 2 |
| 13:30 | Социјална работа и социјала политика | Предавална 10 |
| 13:30 | Специјална едукација и рехабилитација | Амфитеатар II |
| 13:30 | Безбедност, одбрана и мир<br>Приватна и корпоративна безбедност | Амфитеатар IV |
| 13:30 | Родови студии | Предавална 19 |
| 13:30 | Семејни студии | Предавална 7 |
| 13:30 | Меѓународни и интеркултурни студии | Предавална 4 |

На приемот на студентите од страна на раководителите, наставниците и соработниците на институтите, студентите ќе бидат запознаени со студиските програми и ќе им бидат доделени индексите. Потоа координаторите ќе ги запознаат студентите со распоредот на часовите, правата и обврските кои произлегуваат од студирањето, системот на функционирање и администрирање на ЕКТС и термините за консултации.

Доколку не можат да присуствуваат на првата средба, вонредните студенти ќе можат да ги добијат индексите во Библиотеките на соодветните институти.

24.IX 2025 година

ОД ДЕКАНАТОТ
НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ, СКОПЈЕ